# Известување за концентрација помеѓу **В.А.Г. пејмент солушенс а.с. Чешка и Група Инело С.А. Полска**
(предмет бр. 08-149/2022)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.11.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на **В.А.Г. пејмент солушенс а.с.** (W.A.G. payment solutions, a.s.), со регистрирано седиште на Прага 4, На Витезне плани, 1719/4, Прага 140 00, Чешка Република над друштвото **Група Инело С.А.** (Grupa Inelo S.A.), со регистрирано седиште во Биелско-Биала, на адреса: ул. Карпацка 24/Б13, 43-300 Биелско-Биала, Полска.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**В.А.Г. пејмент солушенс а.с.** е активно во следните сектори: трговија на мало и големо со горива; услуги за платежни решенија преку картички за гориво; паркинзи за камиони и услуги за перење на камиони; IT решенијата за секторот за комерцијален патен превоз; решенија за навигација; услуги за алати; даночни услуги. Дел е од Еуроваг групацијата, која е активна во околу 30 држави во светот (првенствено во Европа).

Еуроваг групацијата нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

**Група Инело С.А.** е друштво кое обезбедува услуги за советување и финансирање на неговите зависни друштва. Група Инело контролира групацијата на друштва кои се активни во IT решенија за секторот за комерцијален патен превоз и во обезбедувањето на разновидни IT решенија за комерцијалниот патен превоз, вклучувајќи хардвер и софтвер.

**Група Инело С.А.** има едно регистирано зависно друштво во Северна Македонија, Друштвото за информатичка технологија и консултантски услуги ЦВС МОБИЛЕ МК ДООЕЛ Скопје, и има остварено приходи преку обезбедување на IT решенија за комерцијалниот патен превоз.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар, за целите на оценка на концентрацијата, може да се дефинира ***пазарот за обезбедување на IT решенија (услуги, софтвер и хардвер) за секторот за комерцијален патен превоз***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.11.2022 година
Скопје